# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
## од десеттото продолжение на Осумдесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија
## одржана на 30 јануари 2002 година

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија со почеток во 13,30 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше г. Оломан Сулејмани, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Продожуваме со работа по 88-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Весна Јовановска и Валентина Божинвоска ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со работа по точките од дневниот ред.

Процедурално збор побара г. Аслан Селмани.

**АСЛАН СЕЛМАНИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници,

Во последно време, за жал, се случуваат нештата што не придонесуваат за создавање мир во Република Македонија. За жал, пред 6-7 дена почна серија на киднапирање луѓе, граѓани на нашата Република кои, навистина, се малтретираат во разни полициски станици во државава.

Последниот случај е Руфат Шакири, кој е киднапиран од страна на полицајците на самата полициска станица на Бит Пазар, барајќи ја својата лична карта. Човекот е таксист, кој бил претепан и повторно се наоѓа во Истражниот затвор. За тоа се информирани државните институции, дури и Кабинетото на претседателот Борис Трајковски. Човекот нема кривична пријава и се уште се задржува во затвор.

Сметам дека ваквите појави, а и појави што се мошне драстични, луѓето се викаат повторно пред судии, таа процедура и понатаму продолжува. Не се почитува Декларацијата на Борис Трајковски, така што се создаваат, навистина, непожелни состојби.

Барам од соодветните институции во државата да превземат конкретни чекори за ослободување на ваквите луѓе и да не бидат малтретирани, затоа што не придонесува за создавање услови за мир.

Благодарам.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на г. Аслан Селмани, меѓутоа ова не беше процедурално.

Истовремени, ги молам надлежните служби да превземат се она што се однесуваше во вашата дискусија.

Благодарам.

Процедурално збор побара г. Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Благодарам г. потпретседателе,

Мислам дека содржината на моето прашање е од процедурален карактер. Имено, некако ова Собрание работи неажурирано. Повеќе од 12 седници се започнати а не се завршени. Сите знаеме дека пред 4 месеци е покрената интерпелација против министерот за образование г. Новковски. Тука, изгледа ги прекршуваме сите правила на однесување, не само уставни и правила од Деловникот на Собранието на РМ, туку и основните правила на политиката, моралот и достоинството на ова Собрание.

Имено, изгледа и овој пат максимално покажуваме дека сме до крај талентирани за манипулација. Се сведовме на катастрофални состојби во воспитно-образовниот процес. Се врши, слободно можам да кажам, геноцид над целата територија на Државата. Оваа дејност изгледа е препуштена на хаосот, на самоволието и тн.

Значи нема право никој да посегнува по животот и достоинството на децата. Тоа е општа трагедија. Вчерашните збивнувања дополнително докажуваат дека тоа е така.

Затоа барам што побрзо точката за интерпелација на работата на г. Новковски да се стави на дневен ред, ако е можно утре или задутре. Имено, секоја држава која има елементарни критериуми дека е држава, најверојатно на ова прашање посветува внимание.

Јас, како предлагач на интерпелацијата барам што побрзо да се стави на дневен ред оваа точка. Дополнителни образложенија ќе кажам кога ќе биде на дневен ред.

Благодарам.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Ви благодарам г. Мерсел Биљали, меѓутоа и ова ваше барање не беше сврзано со процедурата ниту беше процедурално.

Мојот одговор на ова е и ги молам сите други пратеници ако имаат нешто во врска со процедурата за денешната седница да побараат збор. Меѓутоа, ваквите прашања што се поставуваат на денешнава седница, мислам дека немаат врска со процедурата. Превземам обврска да го упатам ова на ниво на Претседателството на Собранието и ќе решаваме во врска со ова кои се побитни, поактуелни точки да се стават на дневен ред.

Ви благодарам.

Има збор г. Мухамед Халили.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Господине потпретседателе, господо пратеници,

Со оглед на тоа дека за кратко време треба да одиме на службен пат, па после долго време нема да имате можност точките за ратификација да ги ставите на дневен ред, би ве замолиле да почнеме со точката 91, ратификациите.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на г. Мухамед Халили, заменик министер.

Дали Собранието се согласува со неговиот прдлог, предлогот го ставам на гласање.

Збор бара процедурално г. Бузлевски.

Повелете.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници,

Навистина ќе покренам едно прашање што има чисто процедурална содржина. Би сакал тоа прашање да се стави на изјаснување на Парламентот за да по тоа прашање Парламентот преоцени дали е воопшто можно и умесно денеска да работи овој Парламент.

Имено, образложението е следно:

Од вчера, во Република Македонија почнаа да се тепаат и деца. Имаме 17 деца повредени, со различна тежина на повреди. Имаме денеска огромен револт во еден дел од Македонија поради тие поводи. А, сето тоа е под арбитража на актуелната власт.

Поставувам прашање и барам тоа прашање да го ставите на гласање дали при една ваква ситуација, со една ваква немила појава што вчера почна да се практикува во РМ, овие пратеници што се присутни денеска во Парламентот имаат образ да работат за прашања што се од понебитна природа по однос на ова прашање што јас го покренувам: да се тепаат сопствените деца во сопствената татковина.

Ве молам потпретседателе, поставете го ова прашање на изјаснвување, дали денеска воопшто е умесно да работи овој Парламент или да прекинеме во знак на почит кон тепаните деца и во знак на солидарност кон нив, како протест на Парламентот?

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на г. Бузлевски.

Јас мислам, ве слушнавме и ние пратениците, јавноста, јас во име на сите вас, можеби сожалуваме за сето она што се случува. Меѓутоа, Собранието е законодавен дом што носи закони. Мислам дека Владата е егзекутива и таа ги превзема сите мерки со сите случувања во Република Македонија.

Мислам дека немаше процедурално ни во оваа смисла, па продолжуваме со работа.

Дали имаме согласност да ...

(пратеникот Бузлевски бара збор)

Повелете г. Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Ве разбирам г.потпретседателе и сосема се согласвуам со вас дека Владата е егзекутива. Егзекутивата се виде вчера. Резултатот е познат на македонската јавност. Но, јас тоа не го кажав маркетиншки, туку навистина барав од вас да го ставите тоа прашање на изјаснување пред пратениците за да овој Парламент на свој начин манифестира протест против егзекутивата во РМ, т.е. Владата на Република Македонија.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Благодарам г. Бузлевски.

Меѓутоа, навистина ние имаме дневен ред денеска. Седницата е закажана со својот дневен ред. Ние само отворивме за да работиме во врска со дневниот ред.

Ова што вие го изнесовте, мислам треба да имате конкретен предлог и иницијатива од вашата партија. Немојте да не ставате во таква ситуација да

протестира целото Собрание кога не му е улога. Нашата улога е да донесуваме закони и да работиме во согласност со Деловникот на Собранието на Република Македонија.

Благодарам.

Ние имавме конкретен предлог од заменикот министер Мухамет Халили и мислам дека Собранието треба да има разбирање да поминеме веднаш на точката 91, бидејќи ...

(господинот Благој Ханџиски бара збор)

За збор се јави г. Благој Ханџиски.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Господине потпретседателе, почитувани колеги,

За разлика од вашето толкување, мислам дека прашањето што го постави колегата Бузлевски е типично процадурално прашање. Овде имаме два предлози. Го почитувам предлогот на заменикот министер за надворешни работи, заради тоа што долго време стојат нератификувани голем број на закони кои што се многу битни, заради тоа што, како што најавив, ќе отсуствуваат кратко време од седницата, па треба да ги ратификуваме.

И другиот предлог на колегата Бузлевски што се состои во следното, денеска, во таква ситуација што е создадена после вчерашниот невиден настан во Гимназијата во Неготино, каде што се претепани на најбезобзирен начин од егзекутивата, како што вие велите, 18-тина деца меѓу кои има и девојчиња и машки и тн., во знак на протест за тоа што се случува во оваа држава во серија, подолг период, воопшто да не работи Парламентот.

Значи, имате процедурален предлог. Не го дискутираме дневниот ред. Утврден е. Овде се предлага по тој дневен ред, во оваа новонастаната ситуација, денеска Парламентот да не расправа затоа што е депласирано, затоа што ќе излеземе пред целокупанта јавност дека едноставно, молчешкум преминуваме преку некои работи што не се случувале во државите со не знам какви диктаторски режими, во сите светски меридијани. Ако тоа го премолчиме, тоа значи дека или го одобруваме или се солидаризираме со тие кои беа иницијатори и тие кои стојат зад еден таков невиден чин. Може ли да сочувствуваме со траумите на тие деца, со траумите на родителите и со целата јавност, што евидентно постои после вчерашниот настан.

Затоа, го повторуваме предлогот, процедурално денеска, во ваква ситуација, пратениците да не расправаат за тоа што е на дневен ред, не спорејќи го утврдениот дневен ред, не спорејки дека се многу битни законите што се на денвен ред и што треба да ги усвоиме.

Благодарам.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на колегата Ханџиски. За збор се јави г. Петар Гошев.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Јас сакав само да се приклучам кон предлогот седницата да се одложи, да не се работи денеска додека не се превземе нешто во врска со случајот што вчера можевме да го видиме. Односно, не само вчера, туку веќе подолго време го следиме преку екраните и подолго време имаме директни информации од таму што се случува.

Треба да се прекине не затоа што нема работа Парламентот, туку затоа што навистина е срамота, навистина е недопустливо, навистина е краен идиотизам, простете на израз, да се пратат тепачи во училиште, во Гимназија и да се претепаат толку деца и да нема реакција од Парламентот, да нема реакција од извршната власт, да нема реакција од Премиер, да нема реакција од Претседател на Држава. Да нема никаква реакција за тоа што се претепани деца кои не сакаат да се согласат со методите на работата на раководител на една Гимназија, на едно школо. Да бидат претепани!

Фактите се очигледни, јасни се, видени се. Мислам дека...

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Колега Гошев, ако може да интервенирам...

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

... бидејќи јас не сум пратеничка група...

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Колега Гошев ве молам ...

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

... јас предлагам некоја од пратеничките групи да побара пауза и раководителите на пратеничките групи да седнат да се договорат што треба да прави денеска овој Парламент, каква реакција да има овој Парламент.

Медиумите почнуваат да пишуваат дека во Македонија има зачетоци, има примери на фашизам или фашизоидни појави. Квалификациите можат да бидат тенденциозни, можат да бидат аргументирани, може да ги толкува различна политичка страна како што сака. Но, овие примери, вакви, да бидат претепани ученици затоа што протестираат, тоа не може а да не биде ставено во мозаикот на појвите што манифестираат, навистина, фашизоидно однесување.

Затоа предлагам на некоја од пратеничките групи да побара пауза. Да размислат сите овде, во Парламентот, каква реакција треба да следи, какво барање од Парламентот и какви санкции да се превземат?

Благодарам.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на г. Гошев.

Мислам дека премногу право земаат пратениците, просто една иницијатива елаборираат овде и се мене ми личи дека повеќе се работи маркетинг и она што навистина се случува и треба.

(реакција во салата)

Ве молам за тишина.

Бидејќи се пријавени доста пратеници, веројатно во врска со истата или имаат други обврски и пробелми, јас, за предлогот на г. Бузлевски велам дека може да се покрене иницијатива од пратеничката група на СДС за да се свика една итна седница во врска со тоа. Меѓутоа, на ваков начин да се прекине работата на Собранието, мислам најмалку ни доликува, бидејќи ние не сме кои штрјкуваме и кои се солидаризираме со нив, што се вели без работа. Нашта улога е да донесуваме закони. Имаме закажана седница и стојам на тоа дека Владата е најкомпетентна која ги превзема сите обврски во врска со сите случувања што ни се случуваат во Република Македонија.

Ги молам, по можност другите, еве, за збор се пријавил г. Никола Поповски, има некој редослед овде, ако ви е целта денеска да работиме, се согласувам. Меѓутоа, ако ви е целта уште на почеток да се минира работата на Собранието, имаме важни точки, мислам дека дури тогаш не ни доликува како Собрание да бараме збор и да ги елабориреме проблемите без дневен ред.

За збор се јави г. Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине потпретседателе,

Дозволете прво да констатирам дека почнувате да личите и да станувате еднаков на вашиот претседател г. Стојан Андов, кој наместо да го спроведува Деловникот на Собранието исто како и вие сега се обидува да дава сопствени толкувања на Деловникот и на иницијативите на пратениците и да ги цени не од деловничка и од процедурална природа, туку да ги цени од политичка природа дали се.

Јас ве молам, секој пратеник овде, согласно Деловникот, има право да побара седницата да се одложи. Господинот Бузлевски и г Ханџиски во имвто на пратеничката група на СДСМ два пати ве потсетуваат дека ние бараме во знак на протест за тоа што се случи вчера во државно средно училиштв во РМ, и во знак на поддршка на децата кои се тепани од приватни агенции, а платени св со државни пари, од Буџетот на РМ, значи во знак на протест против тоа и во знак на поддршка на учениците да го ставите на гласање предлогот собраниската седница, бидејќи неманишто итно на неа, денеска да се одложи. Вие, наместо да го цените деловничкиот и процедуралниот аспект на тоа, почнувате да личите на г. Андов и да цените дали е тоа политички опортуно или не, што е апсолутно недозволиво.

Затоа ве молам, без никакви понатамошни потреби да се јавуваме по десет пати на компјутерот за збор, веднаш да го ставите брањето на нашата пратеничка група седницата да се одложи и да го видиме резултатот од гласањето.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на колегата Поповски Никола.

Меѓутоа, јас личам на Оломан Сулејмани и тие изрази мислам дека не ви доликуваат како координатор на една пратеничка група.

Меѓутоа, за збор се јави г. Чедомир Краљевски.

(реплика бара г. Никола Поповски)

Господинот Поповски бара збор за реплика.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине Оломан Сулејмани, господине потпретседателе,

Мислам дека сега со еквилибристика се обидувате, напаѓајќи

ме мене, се разбира не основано, повторно темата да ја заобиколите и да си терате на вашето.

Со оглед дека вие го злоупотребувате Деловникот и не го ставате на гласање предлогот за кој нема дискусија, доколку се предложи, јас, во име на пратеничката група на СДСМ барам пауза од час и половина заради консултација во врска со однесувањето на седницата.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Продолжуваме со работа по час и половина.

(по паузата седницата продолжи во 15,50 часот)

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Во салта има 61 пратеник.

Продолжуваме со работа.

Го молам координаторот, г-динот Никола Поповски да го образложи своето барање за пауза од саат иполовина.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници,

Кога седницата започна пратеничката група на СДСМ преку свои дискутанти, вклучувајќи ме и мене како координатор побара од вас да го ставите на гласање предлогот:

Собранието на Република Македонија денеска да не работи во знак на протест поради владиниот тероризам што се случува во РМ, а конкретно заради вчерашните настани во неготинската гимназија кога група на ученици, кои се малолетни, беа претепани многу сериозно од структури блиски до Владата и организирани од директор на државното училиште, кој е владин службеник.

Исто така и во знак на поддршка на правото на секој да го изразува своето мислење, кое вчера беше насилно спречено во овој град.

После такви три барања вие упорно не го ставивте на изјаснување тој предлог и од тие причини побаравме пауза за да се консултираме. Сега после паузата енергично бараме предлогот веднаш да биде ставен на гласање-Собранието во знак на протест на вчерашните настани денес да не одржи седница. Барам да го ставите на гласање овој предлог.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Благодарам на г-динот Никола Поповски .

(некои пратеници бараат збор излегувајќи на говорница).

Ве молам седнете на место, затоа што има пред вас и други кои се јавиле процедурално, меѓутоа имаме конкретен предлог.

Ве молам седнете на место.

Пред да го ставам предлгоот на СДСМ на изјаснување должен сум уште еднаш да речам дека интерпелација на г-динот министер Новков-ски имаме на 100-та седница, мислам за среда, што е прва точка. Тоа е ваше право и јас предлогот на СДСМ го ставам на гласање, односно на изјаснување.

Ве молам да гласаме.

(реакција на некои пратеници од место. Меѓусебно договарање и реагирање. Не, не после само за гласање, а процедурално околу ова Амди Бајрам).

Добро, ајде процедурално повелете.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Г-дине потпретседателе јас мислам дека во Собранието треба да работиме според Деловникот. Бидејќи имаме закажано седница треба да работиме по дневниот ред на закажаната седница, а не за некои вонредни работи што ни случуваат во градот. Ние во градот и во Републиката имавме големи проблеми со снег, затрупаност, многу други работи, неможеа коли да се паркираат да се доаѓа во Собрание, па не баравме седници да се одлагаат и покрај тоа што временските услови не дозволуваа седница да има. Ние пак ги одржувавме седниците, вакви работи и поголеми работи имаше во државата, имаше и војна и други работи во државата, па не ги одлагавме седниците. Нормално седниците мораше во тек да си одат, а сега за ваква ситна работа додека не добиеме нешто писмено до пратениците во Собранието, некој извештај, дури тогаш би можеле да расправаме за тоа. Сега да ја одложиме седни-цата заради ова мислам дека не би требало.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Има збор г-динот Чедомир Кралевски процедурално.

**ЧЕДОМИР КРАЛЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе,

Мислам дека и вие подпаднавте и ве навлекоа некои од пратеничките групи, конкретно СДСМ на тенок лед. Треба да бидеме свесни сите дека ако го прифатиме предлогот да се стави на гласање заради протест да се одложи седницата, каков

протест, која фактичка положба е утврдена? Од медиумите ли што ви кажуваат фактичка состојба? Ние треба да препуштиме на институциите на власт да си ја вршат својата работа во рамките на својата надлежност. Ние не можеме априори да се изјаснуваме за нешто, со самото изјаснување да се прекине, или да не се прекине, со самото ставање на гласање на оваа точка, односно на овој предлог ние веќе правиме упад во туѓи надлежности и даваме една политичка оценка на нешто што се случува, а за што ние немаме правовремена и благовремена информација за таа работа.

Мислам дека и според Деловникот треба да не правите преседан, да не го прифатите предлогот на СДСМ да се става на гласање овој предлог затоа што во иднина може да ни се случува и најбанални рабори во знак да протест да добивате предлози за прекин на седниците.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на г-динот Чедомир Кралевски.

За реплика или процедурално се јави г-динот Чедо Петров

(реакција на некои пратеници од место).

Ќе одиме по редот на пријавените ако бараме правило.

(Љупчо Анушев од место - и јас сакам да го кажам ставот на групата).

Ве молам да расчстиме една работа. Многу коректно можеме да ја расчистиме и да ја надминеме. Пред сите вас кои барате и да интервенирате деловнички има пријавено пет-шест пратеници. Јас сум должен према пријавените по ред како се пријавени така да им дадам збор.

За збор се јавил г-динот Слободан Даневски. Го нема.

За збор се јавил г-динот Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Г-дине потпретседателе, почитувани колеги,

Сакам во една ваква рашомонијада, во една ситуација од каде изгледа неможеме да излеземе да дадам еден мој предлог со едно мало образложение на самата иницијатива односно на предлогот на пратениците од СДСМ.

Мислам дека најдобро е 88-та седница да ја завршиме, затоа што имаме само неколку ратификации, а мислам дека тоа брзо ќе оди и откако ќе ја завршиме 88-та седница, фактот дека ни се случуваат вакви работи насилства не само во Неготино, туку и во Скопје каде и вие сте сведоци, има бомби, пак почнува една бомбашка акција која што скоро секој ден се повторува, имаме ситуација значи за која ние пратениците треба да бидеме меѓу првите кои треба да протистираме на еден начин. Но, како протестираат пратениците? Пратениците протестираат на таков начин што мислам дека е како модел и од другите собранија односно парламенти. Ние треба да седнеме сите пратенички групи со нашите претставници односно координатори и да предложиме предлог на декларација или резолуција за која декларација треба сите да бидеме и на една наредна седница, која може да биде веднаш после оваа, ако треба саат пауза, ќе подготвиме заедничка декларација, ќе се приклучиме кон таа декларација и ке протестираме на таков начин против сите овие појави што ни се случуваат, како и појавата што ни е во Неготино. Имавме и во Куманово во училиштата, дури и минатата година имаше такви ситуации. Мислам дека тоа е најдобро.

Значи, мојот предлог е да ја довршиме 88-та седница, после тоа веднаш да се закаже седница со конкретен предлог - декларација или резолуција, ќе ги консултираме службите на Собранието и за таа декларација најверојатно ќе го дадеме нашиот допринос да протестираме како пратеници во Собранието на РМ.

Благодарам и барам поддршка.
ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:

Има збор г-динот Билал Љутвии.

**БИЛАЛ ЉУТВИИ:**

Почитуван г-дине потпретседателе, колеги пратеници,

Сите сме свесни дека ова е продолжение на 88-та седница Сакам да ве потсетам до колку во четвртокот кога го донесовме Законот за локалната самоуправа и расправавме односно продолживме со оваа седница, доколку во континуитет работевме дали ќе имавме можност за процедурална интервенција.

Бидејќи се работи за 88-та седница, за да завршиме со таа седница да бидеме стрпливи не негирајќи ги аргументите за настаните во и околу нас, па и пошироко во РМ. Значи да завршиме со 88-та седница, да не губиме време, да не се малтретираме и да не злоупотребуваме ние како пратеници и така да го доведуваме и претседавачот на Собранието во незгодна ситуација. Предлагам претседавачот

односно потпретседателот на Собранието прво предлогот на заменик министерот за надворешни работи да го стави на гласање, па потоа другите предлози.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Пријавени се уште седум пратеници, веројатно деловнички сакаат да интервенираат, сигурно е во врска со Предлогот на СДСМ, меѓутоа јас морам и должен сум да ви кажам една работа за да излеземе од оваа ситуација.

СДСМ немаат деловничко право да даваат таков предлог, меѓутоа пракса во Собранието било за да се излезе од ваква ситуација секој предлог да се стави на гласање. Јас предлагам предлогот на СДСМ да го ставам на гласање, како би ги скратил сите дилеми. Впрочем тоа е единствениот механизам во Собранието. гласањето за да можеме да излеземе од оваа ситуација.

Предлагам да се...

(Љупчо Анушев - да го ставиме на гласање и предлогот на г-динот Исмет Рамадани).

Ве молам, ние имаме три предлога ако е за тоа. Значи предлогс на СДСМ, предлогот на г-динот Исмет Рамадани и имаме предлог за текот на 88-та седница од заменик министерот Мухамед Халили.

Можеме да ги ставиме сите три прелози на гласање.

Предлогот на СДСМ го ставам на гласање.

(Александар Флоровски - за ставот на ВМРО-ДПМНЕ да кажам).

Вашиот координатор е тука и ќе му дадам збор на вашиот координатор...

(г-динот Александар Флоровски излегува на говорница не повика).

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Г-да, ако правите маркетинг немојте на ваков начин. Дајте по културно како што треба.

Пријавен сум за збор во врска со тоа како ќе гласам и како ќе се изјаснам. Очигледно г-динот потретседател не ми обрнува внимание и е во директна корелација со она што значи ваши ставови и ваш маркетинг. Во име на тоа сакам да кажам исто така и пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ како ќе гласа и зошто така ќе гласа. Дали г-дине потпретседателе ќе ми дадете збор, или да си седнам на место?

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Ако ви даде вашиот координатор право во име на пратеничката група тогаш да.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Јас сигурно нема да говорам напамет, претпоставувам дека...

(Чедомир Кралевски со гест му одобрува на потпретседателот и на г-динот Флоровски да говори)

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Еве, вашиот координатор ви дава право да говорите.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Да, сме се консултирале и сакам да излезам да го кажам ставот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ.

Во вакви ситуации, во едни вакви немили сцени како што беа прикажани вчера и при немање доволно сознанија што фактички таму се случувале освен според извештајот на А-1 телевизија која секојдневно не изненадува со разноразни збиднувања во државата, значи при немање.

(реагирање на некои од пратениците од место)

Никој вас г-дине не ве праша. Ке ми реплицирате до колку знаете и умеете да ми реплицирате. Претпоставувам дека не сте толку доблесни мене да ми реплицирате. Сакав следното да го кажам.

Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ нема да притисне ниедно од копчината кои се поставени во врска со изјаснувањата. Тоа е наш генерален став. Што е моето видување на сето ова што денес се случува?

Логично би било да добиеме информации од надлежните министерства во врска со насилието таму каде што се случува, да добиеме информации од МВР, а најрелевантно министерство кое може да каже што е тоа што провејува задниве 7-8 месеци е Министерството за образование и г-динот Ненад Новковски. Таму работите од летото наваму, значи до вчерашниот и завчерашниот ден се брануваат. Обвинувањата г-дине Поповски дека структури блиски до Владата го направиле тоа треба да се докаже. Па се поставува прашањето? Ако структурите блиски до Владата го направиле, говорам и патетички, кои им се структурите што ги бунтуваат и учениците и родителите шест месеци наназад. Тоа вие г-дине и многу од пратениците на СДСМ, ако добро се сеќавам гласавте за закон кој забранува манипулација со малолетници и деца. Вие, тоа ако не се лажам е и во Европската конвенција за која гласавте г-до, зошто вие си земате за право да манипулирате со учениците и вклучително со нивните

родители да делувате партиски во Гимназиајта во Неготино. Настрана од тоа министерот како се однесува, не давам квалификации. Министерот е тој кој амнестира и ќе постапи по тоа или ќе ја осуди со тоа што ќе ја збрише веднаш по функцијата. Треба да имате чесен однос. Сметам дека сеуште ви е рано за политички маркетинг. Изборите сеуште не се почнати и влегувате во тргка во која ќе влеземе заедно и ние рамноправно. Немојте со вакви подмукли работи да се служите...

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Ве молам да работиме продуктивно. Да не влегувате во материјална расправа за нешто што не е на дневен ред.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Тие потези ви беа својствени во вашата политичка кампања како СДСМ, ниски удари под појас, на што ние ќе протестираме и врз што ќе протестираме немајќи релативни податоци.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на г-динот Флоровски, меѓутоа Вие имавте материјална расправа, а немавме точка на дневен ред. Мислам дека не треба да се злоупотреби говорницата.

**ЉУПЧО АНУШЕВ:**

Јас мислам дека на овој начин ќе воведеме една лоша пракса во Паралментот, затоа што навистина имаме многу проблеми во државата. Ние не протестиравме за киднапираните лица толку време, а ветувавме и дека нема да донесеме закон за локална самоуправа и дека нема да го промениме Уставот, па променивме се. Имаме раселени лица, имаме овде фамилии пред Парламентот и ако воведеме таква пракса секоја пратеничка група за секој проблем во државата воведува протест, предлага со неработење на Паралментот, незнам каде ќе ни биде крајот.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Господине Анушев, ве молам, немаме материјална расправа.

**ЉУПЧО АНУШЕВ:**

Не е материјална расправа, само објаснувам.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Затоа кажете како вашата пратеничка група ќе гласа за предлогот, или против.

**ЉУПЧО АНУШЕВ:**

Ние сме за вториот предлог од г-динот Рамадани.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Дали некој друг бара збор?

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Г-дине потпретседателе, почитувани колеги пратеници, сакам да го кажам ставот на Нова Демократија во однос на повеќето предлози што излегоа од пратеничките групи. Најнапред сакам да кажам дека овој случај во Гимназијата во Неготино ние како пратеници од Нова Демократија го осудуваме, меѓутоа најнормално ќе побараме конкретна информација од надлежните органи и тоа со дециден термин најдоцна до 01.02., односно до петок. Значи во рок од 48 часа бараме информација. По добиената информација за случајот предлагам да донесеме декларација, или заклучоци за понатамошните наши гледања како пратеници во Собранието на Република Македонија. Не можам да прифатам одредени штрајкови, бунтови кои што се потикнати од одредени политички партии во РМ и следат уште многу такви кои што се во режија да ги пренесеме во парламентот на РМ. Говоревме дека овој Парламент треба интензитетот на работењето да го зголеми. 0вде доаѓаме во скриена форма, или на определен начин сакаме да го стопираме работењето на Парламентот. Предалгам да продолжиме со работа, за 01.02 да закажеме седница и да добиеме информација и на истата таа седница да донесеме заклучоци за овој немил настан кој што сите верувам во Парламентот го осудуваме.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Дали некој друг координатор бара збор? (Никој)

Бидејки никој од координаторите не бара збор за да се изјасни по предлогот на г-динот Никола Поповски.

Предлогот на г-динот Никола Поповски, го ставам на гласање?

Ве молам да гласаме?

Во салата се присутни 94 пратеици.

Вкупно гласале 36 пратеници, за гласале 22 пратеници, 4 пратеници гласале против и 10 пратеници гласале воздржано.

Многумина од пратениците не се изјасниле за предлогот.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 71 пратеник.

22 пратеници гласале за, 10 пратеници гласале воздржано и 4 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието не го прифати предлогот.

Г-динот Исмет Рамадани имаше предлог да се продолжи со работа, а да имаме комплетна информација за сите случувања и да се закаже посебна седница за расправа.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Мојот предлог беше да завршиме со овие точки од седницата што ни се останати, после тоа веднаш да се закаже друга седница со декларација од Парламентот, значи од пратениците против сите овие случувања, насилства што се случуваат во последно време. Тоа треба да биде една заедничка декларација на сите пратенички групи.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на г-динот Рамадани. Прво, ќе се изјасниме за предлогот на г-динот Рамадани.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Г-дине потпретседателе, господо пратеници, пратеничката група на СДСМ е уверена дека настаните во Неготинската Гимназија не се случајност, или заскитан случај, туку стануваат редовна пракса на употреба на насилството во спроведување на политички идеи од страна на политичката врхушка во оваа земја. Сега бевме сведоци дека политичките партии кои ја подржуваат Владата на господинот Георгиевски не пристапија кон гласање со цел да оневозможат Собранието да изрази протест и да даде подршка на учениците во нивните демократски права. Тоа значи дека Собранието не се солидализира со нив, односно посредно се солидализира со оние кои применуваат насилство во оваа држава. Од тие причини пратеничката група на СДСМ, а со цел да изрази протест за тоа што Владата преку својата директорка го прави во Неготино, а едновремено да даде подршка на сите оние кои со демократски средства сакаат да се изборат за своите права во РМ, ќе ја напушти седницата и денес нема да учествува во понатамошниот тек на работата на ова Собрание во текот на денешниот ден.

(Пратениците од Пратеничката група на СДСМ ја напуштија седницата).

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Продолжуваме со работа по точката 27 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување, со Предлог на закон.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Процедурално г-динот Чедо Петров.

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Јас сакам да се обратам и во однос на г-динот Никола Поповски координаторот на СДСМ кој што обвини дека останатите пратеници не го осудуваат овој чин. Тоа е сосема неточно. Ние Нова Демократија верувам и останатите пратеници во Парламентот на РМ го осудуваат овој чин на насилство и баравме да добиеме информација. Така што не се согласувам со заклучокот што тој го изнесе. Политичкиот маркетинг има други начини, меѓутоа не треба да се злоупотребува говорницата во Собранието на Република Македонија. Се оградувам од дискусијата на г-динот Поповски.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Пратеникот Магдалена Антова Велевска поднесе амандман на член 1 за додавање нов став 2 по ставот 1 по кој Владата не се произнела.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРГИ ОРОВЧАНЕЦ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Пратеникот Чедомир Краљевски поднесе амандман по член 2 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Александар Пандов поднесе амандман по член 2 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1 за додавање нов став 2 по ставот 1 поднесен од пратеникот Магдалена Антова Велевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Дали некој друг бара збор?

**НИКОЛА ЈОВАНОВ:**

Г-дине потпретседателе, колеги пратеници мислам заради претходната состојба која ја имавме дали да се држи седница, или да не се држи седница по малку се изгуби редоследот во работењето. Мислам дека на почеток бидејки претходниот пат кога расправавме за оваа точка рековме да дојде до усогласување на Министерството за финансии и Министерството за здравство по повод овој предлог. И мислам дека на почеток беше редно да им дадете збор на министерот за здравство и претставниците од Министерството за финансии да ни кажат што конечно како договор постигнаа по однос на измената на Законот за здравствено осигурување, а кој се однесува на употребата на електронската картица. Ние вака сега како пратеници резултатот од преговорите да речам условно, или од договорот на двете министерства не го знаеме. На ваков начин бидејки не го знаеме исходот од конечниот договор, а веднаш се прејде на расправа по амандмани, можеби дел од тие амандмани и воопшто веќе не држат место, ако го знаеме претходниот договор. Можеме да направиме забуна во прифаќањето, или во неприфаќањето на амандманите. И затоа јас Ве молам ако може министерот за здравство да ни образложи и претставникот на Министерството за финансии каков конечен договор постигнаа околу ова спорно прашање.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на колегата Никола.

Јас мислам дека имав такви сознанија. Меѓутоа, тука е министерот и нека објасни дали нашле заеднички јазик за да се надмине спорот меѓу двете парламентарни групи.

**ГОРГИ ОРОВЧАНЕЦ:**

Сакам да напомнам дека околу ова прашање заедно со Министерството за финансии постигнавме согласност. Во што се состои она што ние го дискутиравме и што сметаме дека е согласност. Се работи за примена на електронска картица односно сега со овој закон ја предвидуваме примената на таа електронска картица која што електронска картица може да ни послужи во многу сегменти во олеснување на работата. Вие знаете дека започнавме со средствата од Телеком, со компјутеризација во здравството. Во тој сегмент ќе мора понатаму со примена на оваа електронска картичка да обезбедиме многу по експедитивен систем на работење. Системот на картичката во себе ќе содржи многу податоци меѓу кои доминантно место ќе биде досието на секој пациент односно секој осигуреник. Во него ќе бидат забележани сите важни податоци за неговото здравствено досие, меѓу другото ќе биде внесена и крвна група, ќе бидат внесени состојбите дали бил опериран и од што така што со примена на таа картичка во секој момент пациенотот ќе има отворено досие пред својот лекар.

Втора работа, што сигурно ќе ја има тоа е континуирано следење на состојбата на осигурувањето на тој пациент спрема Фондот за здравство. На тој начин многу забуни ќе ни бидат одбегнати.

Предвидувањето е на почеток на 2003 година да се започне со примена на оваа картичка, ние ја предвидуваме со пилот програмите кои би ги вовеле, мегутоа, до тој период мора да имаме оваа законска подлога за да почнеме со примена на софтверскиот механизам за да можеме да стартуваме во овој предвиден период. На тој начин мислам дека ние ком-плетно се усогласивме со Министерството за финансии.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на министерот. Дали некој друг бара збор? (Никој)

На екранот стои името на пратеникот Јордан Бошков, или е грешка.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласаше.

Господине Бошков дали е грешка, вашето име е на екранот.

Има збор господинот Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Благодарам господине потпретседател. Јас сум длабоко обврзан на тие колеги кои наместо мене ке кажат дали била или не била грешка како и да е сега станува збор за амандманската расправа, поднесен амандман од колешката Антова, јас не сум го ни видел и не мислам околу него

да се изјаснувам, барем не вербално во гласањето ќе бидам воздржан.

Јас бев пријавен за дискусија многу одамна пред да биде првото гласање и не ми е јасно зошто, тоа е моја процедурална забелешка господине потпретседател, вие дадовте да се изјаснат како ќе гласаат пратеничките групи, а не дадовте да се изјасни било кој од колегите. Јас мислам дека правото за изјаснување пред гласање припаѓа на секој член од Парламентот, нормално може некој од колегите ако милуваат да дадат изјаснување во групно име, но навистина жалам што тогаш не ми овозможивте да го кажам моето мислење и сега ми е жал што интервенцијата дури на ова место од мене е пренесена.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на господинот Јордан Бошков.

Вашето име стоеше на мониторот, мислев дека сакате да интервенирате во врска со амандманот. Ви се извинувам од мое име и од техниката.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Од присутните 63 пратеници, 6 гласаа за, 7 воздржано и 50 против. Констатирам дека Собранието не го прифати амандманот. Отворам претрес по амандманот на член 2, поднесен од пратеникот Чедомир Краљевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГОРГИ ОРОВЧАНЕЦ:**

Амандманот не се прифаќа. **ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на министерот.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Го повлекувам амандманот. **ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Предлагачот го повлекува амандманот и мислам дека нема потреба од гласање.

Му благодарам на предлагачот.

Отворам претрес по амандманот на член 2, поднесен од пратеникот Александар Пандов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:**

Амандманот се прифаќа. **ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Бидејќи министерот го прифати амандманот, тој е составен дел на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од присутни 64 пратеници 59 гласаа за, 4 воздржано и 1 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување.

Минуваме на 91-та точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата мегу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија за заемно признаваше на документи за образование и научни степени, со Предлог на закон.

Дали имаме претставник од Министерството?

Бидејќи е заклучен претресот по Предлогот за донесување на законот на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија за заемно признавање на документи за образование и научни степени.

Ве молам да гласаме.

Од присутни 63 пратеници 57 гласаа за, 3 се воздржаа и 3 се против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

Од присутни 63 пратеници, 60 гласаа за, 1 воздржан 2 се против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од присутни 60 пратеници 58 гласаа за, 1 се воздржа и 1 е против.

(Во моментот влегоа уште пратеници).

Го повторуваме гласашето.

Ве молам да гласаме.

Од присутни 64 пратеници 62 гласаа за, 1 се воздржа и 1 е против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија за заемно признавање на документи за образование и научни степени.

Минуваме на 92-та точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија за преземање на лица со незаконски престој, со Предлог на закон.

Бидејќи е заклучен претресот по Предлогот за донесување на законот на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува. предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Вла-дата на Република Бугарија за преземање на лица со незаконски престој.

Ве молам да гласаме.

Од присутни 59 пратеници 57 гласаа за, 2 се воздржаа, нема против.

Ги молам службите да ги пребројат пратениците, бидејќи нема-ме кворум за работа.

Присутни во салата се 55 пратеници.

Ги молам службите да ги викнат пратениците да влезат во сала-та.

Го повторуваме гласањето.

Предлог заклучокот го ставам на гласаше.

Ве молам да гласаме.

Од присутни 62 пратеници 61 гласаа за, 1 се воздржа, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

Од присутни 65 пратеници, 63 гласаа за, 2 воздржани, ниту еден против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се прeресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот **и** Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од присутни 62 пратеници 59 гласаа за, 3 се воздржаа, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Републикг Бугарија за преземање на лица со незаконски престој.

Минуваме на 93-та точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за пријателство и соработка меѓу Република Македонија и Романија, со Предлог на закон.

Бидејќи е заклучен претресот по Предлогот за донесување на законот на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот за пријателство и соработка меѓу Република Македнија и Романија.

Ве молам да гласаме.

Од присутни 63 пратеници 60 гласаа за, 2 се воздржаа и 1 е против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот. Ве молам да гласаме.

(Бидејќи немаше доволен број гласови)

Ве молам да се повтори гласањето, бидејќи недостасува еден пратеник.

(Во меѓувреме дојдоа пратеници)

Ги молам службите да ги пребројат пратениците да видиме дали имаме точен број.

Го повторуваме гласањето.

Ве молам да гласаме.

Од присутни 61 пратеници 60 гласаа за, 1 се воздржа и нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Господине потпретседателе, бидејќи, според мое видување немаме претставник од Владата, јас би предложил да продолжиме со претрес по законот за кој имаме претставник од Владата. Ако добро гледам тоа би бил Законот за вршење на земјоделска дејност.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на господинот Јордан Бошков.

Бидејќи општата расправа е завршена, не е должен министерот да биде тука. Сега сме само на чинот на гласањето.

Продолжуваме со работа.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот .

Повторно за збор се јави господинот Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Јас не мислам дека е во ред. Според Деловникот ние треба да имаме претставник од Владата. Освен таквата забелешка и сосема коректна пракса е да има претставник од Владата, министер или заменик министер. Конечно силата, мандатот на Владата извира од овој Парламент.

Кога Парламентот расправа за владини документи, не е сфатливо да немаме претставник токму од Владата, а од друга страна пак уште помалку е сватливо Владата своите активности да не ги усогласува според ритамот на Собранието. Ако нашиот ритам е погубен за општеството, тогаш ќе мораме да најдеме методи, деловнички да интервенираме и да создадеме ред. За сега тоа е така и јас не се согласувам да се продолжи со работа без претставник од Владата.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на господинто Јордан Бошков.

Бидејќи е само чинот на гласање по овие закони, мислам дека не е должен министерот да биде тука.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од вкупно присуни 63 пратеници гласаа 61 за, еден воздржан и еден против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Договорот за пријателство и соработка меѓу Република Македонија и Романија.

Минуваме на 94 точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата на прашашата за сукцесија, со Предлог на закон.

Бидејќи е заклучен претресот по Предлогот за донесување на законот, на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за прашања за сукцесија.

Молам, да гласаме.

Ќе мораме да го повториме гласањето бидејќи некој не гласал. Ве молам повторно да гласаме.

Вкупно гласаа 61 пратеник од кои 59 за, еден воздржан и еден против.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Молам, да гласаме.

Очигледно некој од пратениците не гласал и ќе мора да го повториме гласањето.

Ве молам повторно да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеник од кои 60 за, еден воздржан и против нема.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 63 пратеници од кои 62 за, еден воздржан и против нема.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Слободан Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Јас би сакал да дискутирам затоа што СДСМ напушти. Инаку сега не дискутирам. Штом отидоа они нема проблем. Повеќе ќе работиме.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Има збор господинот Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Господине потпретседателе можеби мојата забелешка е неумесна, но ќе допуштите, начинот како вие ги водите сега работите мене ми отвора повеќе прашања. Вие настапувате со тоа дека претресот завшрил, расправата е затворена а јас мислам такво нешто за 93 точка не е случајно. Поради тоа мислам дека целата постапка е нерегуларна.

Или имаме записници од кои се гледа дека оваа расправа е зад нас, или ќе мораме нешто да повториме. Вака не е коректно кон земјата партнер, договорен партнер со кој е склучен договорот за пријателство и соработка.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на господинот Бошков. Дали некој друг бара збор? (Никој). Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Ќе мораме да го повториме гласањето бидејќи очигледно некој од пратениците не гласал.

Ве молам повторно да гласаме.

Вкупно гласале 62 пратеници од кои 60 за, двајца воздржани против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата за прашања за сукцесија.

Минуваме на 95 точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Римскиот статут на Меѓународниот кривичен суд, со Предлог на закон.

Бидејќи е заклучен претресот за донесуваше на законот, на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Римскиот статут на Меѓународниот кривичен суд.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеници од кои 63 за, еден воздржан и ниту еден против.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Молам, да гласаме.

Молам да го повториме гласањето бидејќи очигледно некој од пратениците не гласале.

Ве молам повторно да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеник од кои 59 за, еден воздржан и еден против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 63 пратеници од кои 61 за, еден воздржан и еден против.

Коснтатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Римскиот статут на Меѓународниот кривичен суд.

Минуваме на 96 точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Албанија за соработка во областа на образованието и науката, со Предлог на закон.

Бидејќи е заклучен претресот по Предлогот за донесување на законот, на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Албанија за соработка во областа на образованието и наукта.

Молам, да гласаме.

Мораме да го повториме гласањето, очигледно некој од прате-ниците не гласал.

Молам, повторно да гласаме.

Гласале вкупно 65 пратеници, 55 пратеници гласале за, пет против и пет воздржани.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Молам, да гласаме.

Вкупно гласале 63 пратеници од кои 56 за, воздржан нема и седум против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Господине потпретседателе, дами и господа,

Јас можам само да го повторам моето жалење што немаме претставник од Владата по овие точки кои се однесуваат на ратификација на документи со други држави.

За граѓаните на Република Македонија, посебно за тие од албанско етничко потекло оваа спогодба е од важност, а не само за нив. Независно од тоа упатно е ние да имеме тука, барем како израз на почит кон претставничкиот дом и претставник од Владата. Ние сме толку широкогради што даваме можност да присуствува министер, заменик министер и тоа не само од ресорот за надворешни работи туку исто така и од тој ресор во чиј делокруг припаѓа оваа материја. Но Собранието толку држи до својата репутација и ќе преминеме веројатно и преку ова отсуство. Проблемот е во тоа дали на тој начин не се создава и отсуство на држава.

За мене е еден облигат повеќе, една обврска повеќе во Собранието кога се разгледува предлог истиот предлагач да е тука. Не го разбирам ова држење ниту кај Владата, а уште помалку текот на седницата, каде што неколку пати укажував дека според мене, имаме и пропусти. Но, што вреди тоа кога волјата на мнозинството, е воедно и доказот за правилноста.

Сега, ќе ми допуштите конкретно за овој предлог односно за овој текст што го имаме тука, еве добивме сепак некаков претставник, и тоа е добро, само уште да го потврдиме ние со наше гласање, овој текст што сега стои за разгледување се однесува на ратифицирање, поточно на нострифицирање на високошколски свидетелства и дипломи стекнати во Република Македонија или Република Албанија. Надлежни ќе бидат, секако високообразовни институции.

Нам ни е познато дека секоја од земјите од Југоисточна Европа во процесот на асоцирање кон Европската унија, има обврска да склучи со своите соседи слични договори, при кои не само овие, туку и ќе договори кои се однесуваат на севкупното работење и меѓусебна соработка.

Оттука, сметам дека ваквиот договор кој се склучи пред неколку месеци, а веќе повеќе години се подготвува (пратениците реагираат господинот Јордан Бошков да зборува погласно). Извинете, јас не мислам дека

се надвикувам. Ако некој дошол тука да си води разговори сам со себе или со комшиите, тоа е негово, јас овде се обидувам...

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Господине Бошков, продолжете, вие се обраќате на Собранието, а не на поединци.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Точно, се обраќам на Собранието, само што во Собранието за да можеме да се обратиме, потребно е да има некаков ред. Ако тој не се почитува, тогаш е деликатна.

Со процесот за асоцирање со Европската унија, кој процес го отвори самата унија на тој начин на земјите од таканаречениот Западен Балкан даде можност преку стабилизационо асоцијативни договори, да стекнат статус на асоцирана земја, а во иднина веројатно при исполнување на соодветни услови, да добијат и покана за членство. До тука нештата се јасни. За нас како зеја потписничка на таква спогодба, произлегуват обврски и од ваков вид со соседните земји да ги разрешиме отворените прашања во духот на разбирање за взаемно почитување, а исто така и да се унапреди севкупната соработка. Тука на ова место, сега ние имаме склучена спогодба за слободна трговија со Република Албанија, која нормално зема предвид какви се економските способности и во нејзе нема ништо спорно.

Но, со спогодбата околу ратифицирање, т.е. со ратификацијата на таквите документи, наше е да бидеме внимателни како Собрание. Јас од своја страна сум должен да ви укажам и затоа мене ми недостига толку многу претставник од Министерството, да ви укажам дека токму од МНР доаѓаат забелешки за ратифицирање на оваа Спогодба. Станува збор за односот кој се гради од нашиот сосед кој Макеоднијас во континуитет. Таквите забелешки упатно е да бидат отворено изнесени и кажани.

Во Комисијата за надворешна политика, бидејќи мој став е да не се кочи дискусија е отворена и таква дебата. Се додека не ги расчистиме разликите околу тие оценки, во таа Комисија ние сметаме дека не е упатно да бидат и унапредувани ваквите договори.

Оттука, предлагам на Собранието овој договор да не се ратифицира, зошто неговата ратификација да биде ставен во пакет со разрешувањето на сите отворени прашања со соседна Република Албанија. Ние сметаме дека на тој начин ќе можат да се забрзаат нештата, а не дел по дел да се доработуваат, иако и секоја капка исто придонесува на крај да има вир.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на господинот Јордан Бошков.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Ќе мораме да го повториме гласањето.

Повторно предлогот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Ги молам пратениците да се однесуваат малку посериозно во врска со гласањето. Неколку пати ни се случува не обрнувате внимание кога е чинот на гласање.

Предлогот го ставам повторно на гласање.

Ве молам да гласаме.

Ги молам пратениците нека влезат во салата, а истовремено службите да ги избројат уште еднаш пратениците.

(Недостасува уште еден глас за да се изврши регуларно гласањето)

Предлогот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Ги молам службите да ги пребројат пратениците, бидејќи во салата се присутни 67 пратеници. Дали се работи од она што некој ставил картица, а не е присутен, или........

(Во моментот пристигна уште еден пратеник и во салата има 61 пратеник)

Во салата има 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Албанија за соработка во областа на образованието и науката.

Минуваме на точка 97 - Предлог на одлука за разрешување и именување на членови на Одборот за доделување на наградата "Климент Охридски".

Бидејќи е заклучен претресот, предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Господинот Краљевски Чедомир бара збор.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги,

Оваа одлука е поднесена пред повеќе месеци, меѓутоа, во меѓувреме е завршена работата односно доделена е наградата, така што е беспредметно одлуката истата како поднесена од Комисијата за избори и именувања, ја повлекувам.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Констатирам дека предлагачот ја повлекува одлуката.

Минуваме на точка 99 - Предлог за донесување на закон за Фонд на земјоделство, со предлог на закон.

Бидејќи е заклучен претресот по предлогот за донесување на закон, на Собранието му предлагам да го усвои следниот занклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за фонд за земјоделство.

Ве молам да гласаме.

За предлогот вкупно гласаа 67 пратеници, од кои 65 гласаа за, ниту еден не се воздржа, а 2 гласаа против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

За предлогот вкупно гласаа 67 пратеници, од кои 65 гласаа за, ниту еден не се воздржа, а 2 гласаа против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Отворам општ претрес по предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Пратеникот Милан Ставрев поднесе амандман на член 19 за додавање две нови алинеи по алинеја 8 и истиот го повлече.

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство, поднесе амандмани на член 5, став 1, точка 1 и 8 и 11, член 6 став 1, член 8 став 1, член 11 став 2 и на алинеја 1, член 12 став 1 точка 2, член 19 став 1, алинеја 2, 4 и 5 за бришење на алинеја 6 за менување на алинеја 8 и за додавање две нови алинеи по алинејата 8 и на членот 27, со кои се согласил повереникот на Владата и тие се составен дел на текстот на предлогот на законот.

Пратеникот Александар Пандов поднесе амандман на член 19 за бришење на алинејата 5 по кој Владата не се произнела.

**МАРЈАН ЃОРЧЕВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Бидејќи амандманот се прифати од министерот, тој е составен дел на законот.

Пратеникот Александар Гештаковски поднесе амандман за додавање нов член 27-а по членот 27 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Александар Гештаковски и Ристо Тодоров поднесоа амандмани за менување на член 4, за менување на член 6, за менување на член 7, за менување на член 9, за менување на став 1 од член 11 став 2 алинеја 1, член 12 став 1 точка 7, член 16 став 1, член 17 и член 18, член 19 став 1 за менување на алинеја 5. Член 21 став 1, алинеја 2 и на член 25 за додавање став 2, по кои Владата не се произнела.

Пратдникот Горанчо Трајков поднесе амандман на член 19 став 1 за менуање на нова алинеја 9, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 4, поднесен од пратениците Александар Гештаковски и Ристо Тодоров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**МАРЈАН ЃОРЧЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој) Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Ги молам службите да ги пребројат пратениците, бидејќи немаме доволно кворум за работа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

(По пребројувањето на бројот на присутните пратеници од страна на службите).

Од присутни 63 пратеници, гласале 51, од кои 9 за, 6 воздржано и 36 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амаднманот за менување на член 4, поднесен од пратениците Александар Гештаковски и Ристо Тодоров.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 6, поднесен од пратениците Александар Гештаковски и Ристо Тодоров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**МАРЈАН ГОРЧЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето).

Ве молам да го повториме гласањето, бидејќи во салата се присутни 71 пратеник, а гласале помалку.

Го повторуваме гласањето.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето).

Вкупно гласале 67 пратеници, од кои 9 за, 5 воздржано и 53 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 6, поднесен од пратениците Александар Гештаковски и Ристо Тодоров.

Отворам претерс по амаднманот за менување на член 7, поднесен од пратениците Александар Гештаковски и Ристо Тодоров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**МАРЈАН ГОРЧЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето).

Вкупно гласале 66 пратеници, од кои 4 за, 10 воздржано и 52 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 7 поднесен од пратениците Александар Гештаковски и Ристо Тодоров.

Отворам претрес по амандманот на член 9 за менување на став 1, поднесен од пратениците Александар Гештаковски и Ристо Тодоров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**МАРЈАН ГОРЧЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето).

Вкупно гласале 67 пратеници од кои 3 за, 7 воздржано и 57 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 9 за менување на став 1 поднесен од пратениците Александар Гештаковски и Ристо Тодоров.

Отворам претрес по амаднманот на член 11 став 2 алинеја 1, поднесен од пратениците Александар Гештаковски и Ристо Тодоров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**МАРЈАН ГОРЧЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето).

Вкупно гласале 65 пратеници, од кои 1 за, 7 воздржано и 57 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 11 став 2 алинеја 1, поднесен од пратениците Александар Гештаковски и Ристо Тодоров.

Отворам претрес по амаднманот на член 12 став 1 точка 7, поднесен од пратениците Александар Гештаковски и Ристо Тодоров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**МАРЈАН ГОРЧЕВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Амандманот станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 16 став 1, поднесен од пратениците Александар Гештаковски и Ристо Тодоров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**МАРЈАН ГОРЧЕВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Амандманот станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 17 поднесен од пратениците Александар Гештсковски и Ристо Тодоров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**МАРЈАН ГОРЧЕВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Амандманот станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 18 поднесен од пратениците Александар Гештаковски и Ристо Тодоров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**МАРЈАН ГОРЧЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето).

Вкупно гласаа 64 пратеници, од кои 5 за, 6 воздржано и 53 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 18, поднесен од пратениците Александар Гештаковски и Ристо Тодоров.

Отворам претерс по амандманот на член 19 за бришење на алинеја 5, поднесен од пратеникот Александар Пандов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**МАРЈАН ГОРЧЕВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Амандманот станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 19 став 1 за менување на алинеја 5, поднесен од пратениците Александар Гештаковски и Ристо Тодоров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**МАРЈАН ГОРЧЕВ:**

Го поминавме тоа, имаме уште 3 амандмани.

Дали тоа е амандманот на Александар Гештаковски и Ристо Тодоров?

Тој амандман се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Недоразбирањата изгледа ги надминавме со министерот и министерот го прифати амандманот.

Амандманот станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 19 став 1 за менување на новата алинеја 9, поднесен од пратеникот Горанчо Трајков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**МАРЈАН ГОРЧЕВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Амандманот станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 21 став 1 алинеја 2, поднесен од пратениците Александар Гештаковски и Ристо Тодоров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**МАРЈАН ГОРЧЕВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Амандманот станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 25 за додавање нов став 2 поднесен од пратениците Александар Гештаковски и Ристо Тодоров,

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**МАРЈАН ГОРЧЕВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Амандманот станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 27-а по членот 27 поднесен од пратеникот Александар Гештаковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**МАРЈАН ГОРЧЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето).

Вкупно гласале 66 пратеници, од кои 6 за, 6 воздржано и 54 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 27-а по членот 27, поднесен од пратеникот Александар Гештаковски.

Продолжуваме со претрес по текстот на Прелдогот на законот.

Молам,кој бара збор?

Ве молам да направиме една мала пауза бидејќи министерот веројатно треба да се усогласи со службите.

(Пауза од 17,45 до 18,20 часот)

Да продолжиме со работа.

Господинот Слободан Даневски се пријавил за збор.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Господине потпретседателе, дали завршивме со амандманската расправа по Законот?

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Не, продолжуваме со амандманска расправа.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Тогаш ќе се јавам подоцна за збор за да кажам како ќе гласам.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Продолжуваме со работа.

Пратеникот Чедомир Краљевски поднесе амандман на член 19 за додавање нова алинеја 4-а по алинејата 4, по кој Владата не се прознела.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**МАРЈАН ГОРЧЕВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Бидејќи министерот го прифати амандманот, тој станува составен дел на текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Слободан Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Господине потпретседателе, не сакав да се вклучам во општиот претрес по законот кој го предлага господинот Марјан Горчев, но иако Македонија се наоѓа во транзиција веќе 12 години, сведоци сме дека за Македонија нешто што е перспектива, тоа е земјоделството. Знаеме како функционира нашата држава. Многу години во Парламентот јас и оние пратеници кои веќе учествувале во работата на првиот и вториот состав на Парламентот знаеме дека малку дискутиравме во однос на земјоделството. Мнгоу малку шанси се даваа и мислам дека оваа година благодарение на министерот Марјан Горчев, донесовме многу реформски закони во областа на земјоделството. Некој ќе свати незнам како, но ова е реалност,овозможивме со тоа што донесовме закон за враќање на утрините, закон за земјоделско земјиште, за Фондот за земјоделство да бидеме на добар пат, да овозможиме една реална систуација дсржавата со овој фонд, како и во сите многу модерни држави на запад да партиципира, да дава субвенции, да го стимулира производството во земјоделството. Сигурно дека уште треба да се работи во делот на земјоделството. Верувам дека господинот министер ќе има сила да се избори во Владата,затоа што ова Министерство има многу мал буџет, а знаеме дека перспективата за Македонија не е изработката на компјутери и авиоиндустрија, туку перспективата за Македонија е земјоделството односно здравата храна. Верувам дека и овој

законски проект во целина ќе го поддржиме јас и моите колеги пратеници и убеден сум дека министерот со своите реформски зафати во земјоделството ќе овозможи брз развој и излегуваше на земјоделството од оваа состојба.

Она што се сака да се протне меѓи редови дека состојбата со млекото е ваква и ќе штрајкуваме, мислам дека министерот направи чекор повеќе од тоа што им удоволи скоро на сите барања на земјоделците, поч-нувајќи од партиципацијата во делот на комбинатите кои не успеаа заради состојбите со сушата да засејат, во делот на земјоделците и сточарите кои бараа зголемуваше на премијата на млекото, во делот на откупот на тутунот, што оваа година е најголем откако постои Македонија како држа-ва и верувам дека со овој законски проект ќе се направи реална шанса и за другите проекти за кои имаме сознание дека во овој период посебно Министерството за земјоделство на чело со министерот ќе се вклопат во целиот амбиент за да може да заживее Македонија и земјоделците да изле-зат од оваа економска и социјална криза.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на господинот Слободан Даневски.

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван потпретседателе, почитуван господине министер, овде се прифатија доста амандмани.Јас како пратеник му честитам на министерот за земјоделство за некои работи кои ги преземал, што има голем увид на состојбите во земјоделството, знае што недостасува во Република Македонија. Би сакал да кажам дека плодна и родна ќе ни биде годината, за тоа треба да му дадеме благослов на министерот затоа што оваа година имавме снег, ќе има добар плод, но останува самите земјоделци да можат оваа година своите работи да ги направат како што треба, да можат своите ниви да ги обработуваат и се да се унапредува, така што годината започна со сериозна работа.

За јавноста сакам да кажам една работа. Се прават политички маркетинзи однапред, пред да започне предизборната кампања. Им се обраќам на сите граѓани на Република Македонија нека си ја гледаат мотиката лопатата и плугот, и плодот во Република Македонија. Изборите да ги остават на страна, маркетингот да го остават на страна. Нека гледаат пред себе, доаѓа пролет, лето, ќе треба жито и леб за сите нас, нека го гледаат тутунот и другите работи од кои треба да живеат, затоа што Република Македонија 80% е земјоделска и народот треба да живее од тоа. Да го пуштиме народот, да ги пуштиме граѓаните да си ги гледаат своите ниви, нека си ги гледаат своите работи, да не отпочнуваме со политика уште отсега и на народот премногу да не му здодеваме. Ние политичарите овде во Парламентот што ќе дојде, кој закон, дали од обалста на земјоделството, здравството, економијата или од друга област, мислам дека време беше да почне оваа работа, дајте да гледаме за народот оваа година, да се докажеме како пратеници, министри и како Влада, да го видиме она што му недостасува на народот, а никој да не прави политика и маркетинг. Политиката настана, како преска што ја напуштија седницата, да не биде политички маркетинг овде, но дајте да ги донесеме законите што не се донесени, она што им треба на граѓаните, а кога ќе дојдат изборите сите нека се јават таму каде што треба.

Јас ќе го поддржам сето ова и му честитам на министерот за тоа што го направи.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на господинот Амди Бајрам. Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по тесктот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 66 пратеници, од кои 66 за, воздржани и против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за Фонд за земјоделство.

Минуваме на точката 99 - Предлог за донесување на закон за вршење на земјоделска дејност, со Предлог на закон.

Бидејќи е заклучен претресот по предлогот за донесување на законот, на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за вршење на земјоделска дејност.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 68 пратеници, од кои 67 за, 1 воздржан и ниту 1 против.

Констатирам дека заклучокот е усво9н.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и прелдогот на законот?

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 67 пратеници, од кои 65 за, 2 воздржан и ниту 1 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлгот на законот.

Отворам општ претрес по предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство поднесе амандмани на член 2 зе менување на став 2, член 4, член 7 за менување на став 2 и за додавање два нови става на 4 и 5 по ставот 3, член 7 за додавање нов став 2 по ставот 1, член 9 член 11 став 1 и на алинеја 1, член 14 за менување на став 1, член 18 став 1 и за менување на точката 6, член 21 став 4, член 23 став 2, на дел 2 глава 1 за менување на насловот на точка 6, за додавање нова точка 7 пред членот 34, член 45, член 49 став 1 точка 1 и за додавање нова точка пред точката 1 и 4-а, став 2 и 3 и за додавање нов член 50 по членот 49, со кој се согласил претставникот на Владата и тие се сотавен дел на текстот на предлогот на законот.

Пратеникот Милан Ставрев поднесе амандман на член 7 за додавање нов став 6 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Горанчо Трајков поднесе амандман на член 7 за додавање на два нови става 6 и 7 по ставот 5 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Александар Гештаковски и Ристо Тодоров поднесеа амандман на член 7 за менување на став 1, за менување на член 8, член 9, за бришење на член 11, член 13 за додавање нов став 2 по ставот 1, за менување на членот 14, член 16 за бришење на ставот 1 и ставот 2, член 18 став 1, член 19 став 1, член 20 став 1, член 23 став 3, член 22 за бришење на ставот 1 и на ставот 2, член 26, член 27 за додавање нов став 2, член 28 став 1, за менување на член 35, за бришење на членот 36, за бришење на членот 37, член 43, за бришење на член 45 и на член 48 став 1 за бришење на точките 1, 3 и 4 и на точка 2, член 49 став 1 точка 1 и 2, за бришење на точките 3, 4 и 5 и на точките 6 и 7 и за додавање нов член 49-а по членот 49 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Чедомир Краљевски поднесе амандман на член 19 став 1 и на член 35 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 7 за менување на став 1 поднесен од пратениците Александар Гештаковски и Ристо Тодоров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Марјан Ѓорчев, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**МАРЈАН ЃОРЧЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Ве молам, да го повториме гласањето.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 63 пратеници, од кои за гласале 5, воздржано 3, а против 55.

Констатирам дека Собранието не го прифати амандманот на член 7 за менување на став 1 поднесен од пратениците Александар Гештаковски и Ристо Тодоров.

Отворам претрес по амандманот на член 7 за додавање нов став 6 поднесен од пратеникот Молан Ставрев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Марјан Ѓорчев, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**МАРЈАН ЃОРЧЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Дали некој друг бара збор?

**МИЛАН СТАВРЕВ:**

Го повлекувам амандманот.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 7 за додавање два нови става 6 и 7 по ставот 5 поднесен од пратеникот Горанчо Трајков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Марјан Ѓорчев, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**МАРЈАН ЃОРЧЕВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Бидејќи министерот го прифати амандманот, тој е составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 8 поднесен од пратениците Александар Гештаковски и Ристо Тодоров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор господинот Марјан Ѓорчев, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**МАРЈАН ЃОРЧЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Ќе бидеме принудени уште еднаш да гласаме, оти нешто со системот не е во ред.

Го повторуваме гласањето за амандманот.

Ве молам да гласаме.

Очигледно дака немама кворум доволен за работа.

Ги молам пратениците да влезат во салата, а истовремено службите да ги повикаат пратениците да влезат во салата.

Го повторувама гласањето по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласала 63 пратеници, за 1, воздржани 2, а против 60 пратеници.

Констатирам дака Собранието не го усвои амандманот за менување на член 8 поднесен од пратаниците Алаксандар Гештаковски и Ристо Тодоров.

Отворам претрес по амандманот на член 9 поднесен од пратениците Александар Гештаковски и Ристо Тодоров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Марјан Ѓорчев, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**МАРЈАН ЃОРЧЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 63 пратеници, од кои за гласале 2, воздржано 2, а против 59.

Констатирам дека Собранието не го прифати амандманот на член 9 поднесен од пратениците Александар Гештаковски и Ристо Тодоров.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 11 поднесен од пратениците Александар Гештаковски и Ристо Тодоров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Марјан Ѓорчев, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**МАРЈАН ЃОРЧЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 66 пратеници, од кои за гласале 2, воздржано 3 и против 61.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 11 поднесен од пратениците Александар Гештаковски и Ристо Тодоров.

Отворам претрес по амандманот на член 13 за додавање нов став 2 по

ставот 1 поднесен од пратениците Александар Гештаковски и Ристо Тодоров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Марјан Ѓорчев, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**МАРЈАН ЃОРЧЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 65 пратеници, од кои за гласале 2, воздржано 6, а против 57.

Констатирам дека Собранието не го прифати амандманот на член 13 за додавање нов став 2 по ставот 1 поднесен од пратениците Александар Гештаковски и Ристо Тодоров.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 14 поднесен од пратениците Александар Гештаковки и Ристо Тодоров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Марјан Ѓорчев, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**МАРЈАН ЃОРЧЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеници, од кои за гласале 2, воздржано 4, а против 58.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 14 поднесен од пратениците Александар Гештаковски и Ристо Тодоров.

Отворам претрес по амандманот на член 16 за бришење на став 1 и став 2 поднесен од пратениците Александар Гештаковски и Ристо Тодоров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Марјан Ѓорчев, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**МАРЈАН ЃОРЧЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеници, од кои за гласале 3, воздржано 6, а против 55.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 16 за бришење на став 1 и на став 2 поднесен од пратениците Александар Гештаковски и Ристо Тодоров.

Отворам претрес по амандманот на член 18 став 1 поднесен од пратениците Александар Гештаковски и Ристо Тодоров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеници, од кои за гласале 2, воздржано 4, а против 58.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 14 поднесен од пратениците Александар Гештаковски и Ристо Тодоров.

Отворам претрес по амандманот на член 16 за бришање на став 1 и став 2 поднесен од пратениците Александар Гештаковски и Ристо Тодоров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Марјан Ѓорчев, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**МАРЈАН ЃОРЧЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеници, од кои за гласале 3, воздржано 6, а против 55.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 16 за бришење на став 1 и на став 2 поднесен од пратениците Александар Гештаковски и Ристо Тодоров.

Отворам претрес по амандманот на член 18 став 1 поднесен од пратениците Александар Гештаковски и Ристо Тодоров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Марјан Ѓорчев, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**МАРЈАН ЃОРЧЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 65 пратеници, од кои за гласале 2, воздржано 5, а против 58.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 18 став 1 поднесен од пратениците Александар Гештаковски и Ристо Тодоров.

Отворам претрес по амандманот на член 19 став 1 поднесен од пратениците Александар Гештаковски и Ристо Тодоров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Марјан Ѓорчев, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**МАРЈАН ЃОРЧЕВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Бидејќи министерот го прифати амандманот тој е составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 20 став 1 поднесен од пратениците Александар Гештаковски и Ристо Тодоров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор господинот Марјан Ѓорчев, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**МАРЈАН ЃОРЧЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 65 пратеници, од кои за гласале 4, воздржано 8, а против 53.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 20 етав 1 поднесен од пратениците Александар Гештаковски и Ристо Тодоров.

Отворам претрес по амандманот на член 21 став 3 поднесен од пратениците Александар Гештаковски и Ристо Тодоров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Марјан Ѓорчев, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**МАРЈАН ЃОРЧЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеници, од кои за гласале 3, воздржано 7, а против 54.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 21 став 3 поднесен од пратениците Александар Гештаковски и Ристо Тодоров.

Отворам претрес по амандманот на член 22 за бришење на ставот 1 и ставот 2 поднесен од пратениците Александар Гештаковски и Ристо Тодоров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Марјан Ѓорчев, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**МАРЈАН ЃОРЧЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеници, од кои за гласале 3, воздржано 8, а против 53.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 22 за бришење на став 1 и став 2 поднесен од пратениците Александар Гештаковски и Ристо Тодоров.

Отворам претрес по амандманот на член 26 поднесен од пратениците Александар Гештаковски и Ристо Тодоров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Марјан Ѓорчев, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**МАРЈАН ЃОРЧЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеници, од кои за гласале 3, воздржано 10, а против 51.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 26 поднесен од пратениците Александар Гештаковски и Ристо Тодоров.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 27 за додавање нов став 2 поднесен од пратениците Александар Гештаковски и Ристо Тодоров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**МАРЈАН ЃОРЧЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на министерот.

Молам дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеник, од кои За двајца, пет воздржани, и педесет и четири против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 27 за додавање нов став 2 поднесен од пратениците Александар Гештаковски и Ристо Тодоров.

Отворам претрес по амандманот на член 28 за став 1 поднесен од пратениците Александар Гештаковски и Ристо Тодоров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**МАРЈАН ЃОРЧЕВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Бидејќи министерот го прифати амандманот тој е составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 35 поднесен од пратениците Александар Гештаковски и Ристо Тодоров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**МАРЈАН ЃОРЧЕВ:**

Амандманот несе прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на министерот.

Молам дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 66 пратеник, од кои За 4, 4 воздржани, и 58 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 35 поднесен од пратениците Александар Гештаковски и Ристо Тодоров.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 36 поднесен од пратениците Александар Гештаковски и Ристо Тодоров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**МАРЈАН ЃОРЧЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на министерот.

Молам дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 63 пратеници, од кои За 3, 6 воздржани, и 56 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на за бришење на член 36 поднесен од пратениците Александар Гештаковски и Ристо Тодоров.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 37 поднесен од пратениците Александар Гештаковски и Ристо Тодоров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**МАРЈАН ЃОРЧЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на министерот.

Молам дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 66 пратеник, од кои За двајца, 8 воздржани, и Педесет и шест против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 37 поднесен од пратениците Александар Гештаковски и Ристо Тодоров.

Отворам претрес по амандманот на член 43 поднесен од пратениците Александар Гештаковски и Ристо Тодоров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**МАРЈАН ЃОРЧЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на министерот.

Молам дали некој друг бара збор? (никој)

Бид9јќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеник, од кои За двајца, Пет воздржани, и Педесет и седум против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 43 поднесен од пратениците Александар Гештаковски и Ристо Тодоров.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 45 поднесен од пратениците Александар Гештаковски и Ристо Тодоров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**МАРЈАН ЃОРЧЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на министерот.

Молам дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеник, од кои За1, Шест воздржани, и Педесет и седум против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 45 поднесен од пратениците Александар Гештаковски и Ристо Тодоров.

Отворам претрес по амандманот на член 48 за додавање нов став 1 за бришење на точките 1, 3, 4 и на точка 2 поднесен од пратениците Александар Гештаковски и Ристо Тодоров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**МАРЈАН ЃОРЧЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на министерот.

Молам дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 65 пратеник, од кои За четворица, Тројца воздржани, и Педесет и осум против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 48 став 1 за бришење на точките 1, 3 и 4 и на точка 2 поднесен од пратениците Александар Гештаковски и Ристо Тодоров.

Отворам претрес по амандманот на член 49 став 1 точка 1 и 2 бришење на точките 3, 4, 5 и на точките 6 и 7 поднесен од пратениците Александар Гештаковски и Ристо Тодоров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**МАРЈАН ЃОРЧЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на министерот.

Молам дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 65 пратеник, од кои За1, 8 воздржани, и Педесет и шест против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 49 став 1 точка 1 и 2 за бришење на точките 3, 4 и 5, на точките 6 и 7 поднесен од пратениците Александар Гештаковски и Ристо Тодоров.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 49-а по членот 49 поднесен од пратениците Александар Гештаковски и Ристо Тодоров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**МАРЈАН ЃОРЧЕВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Бидејќи министерот го прифаќа амандманот тој е составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 19 став 1 од пратеникот Чедомир Краљевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**МАРЈАН ЃОРЧЕВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Бидејќи министерот го прифаќа амандманот тој е составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 35 поднесен од пратеникот Чедомир Краљевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**МАРЈАН ЃОРЧЕВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Бидејќи министерот го прифаќа амандманот тој е составен дел на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор.? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Вкупно гласале 65 пратеници, од кои За 62, 1 воздржани, и 2 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за вршење земјоделска дејност.

Минуваме на точката 100 - Предлог за донесување на Закон за органско-земјоделско производство.

Бидејќи е заклучен претресот по Предлогот за донесување на законот на Собранието му предлага да го усвои следниот заклучок:

Прво, Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на Закон за органско-земјоделско производство.

Второ, Владата на Република Македонија да изготви и на Собранието да му достави Предлог на закон при што ќе ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија,

Трето, овој заклучок заедно со извештаите на работните тела и Стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави на Владата на Република Македонија и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Предложениот заклучок го ставам на гласање,

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 65 пратеници, од кои 64 за, ниту еден воздржан и 1 против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен за заклучувам 88-та седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 19,15 часот).